**20252204303**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 57 став 11 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 16/25 и 156/25), министерот за култура и туризам донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА И ИЗДАДЕНИ РЕШЕНИЈА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТРАНСКИОТ ОРГАНИЗИРАН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за поднесени барања и издадени решенија за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет.

Член 2

Регистарот за поднесени барања и издадени решенија за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет (во натамошниот текст: Регистарот), се води во форма на книга со тврд повез во бела боја во А4 формат, со меѓусебно поврзани и нумерирани евиденциски листови на хартија во бела боја.

Формата и содржината на Регистарот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистарот се води во хартиена форма, во кој рачно се внесуваат податоци во врска со поднесените барања за добивање на субвенции за престој на странски туристи во Република Северна Македонија и издадените решенија за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет и други податоци, од овластено лице од страна на министерот за култура и туризам.

Заради ажурирање на евиденцијата во Регистарот, вршителите на туристичка дејност и туроператорска дејност ги пријавуваат промените на податоците до Министерството за култура и туризам во рок од три дена од денот од нивното настанување.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/14).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 69-9339/1 | Министер за култура |
| 27 октомври 2025 година | и туризам, |
| Скопје | **Зоран Љутков,** с.р. |

Прилог

Република Северна Македонија

Министерство за култура и туризам

# РЕГИСТАР

## ЗА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА И ИЗДАДЕНИ РЕШЕНИЈА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТРАНСКИОТ ОРГАНИЗИРАН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ

| | |
|---|---|
| Назив на вршителот на туристичка дејност и туроператорска дејност подносител на барањето за добивање на субвенции за престој на странски туристи во Република Северна Македонија | |
| Адреса и контакт на вршителот на туристичка дејност и туроператорска дејност подносител на барањето за добивање на субвенции за престој на странски туристи во Република Северна Македонија | |
| Број и датум на поднесување на барањето за добивање на субвенции за престој на странски туристи во Република Северна Македонија | |
| Вид на поднесено барање (СУ1, СУ2, СУ3 или СУ4) | |
| Земја од која потекнуваат туристите за кои се бара субвенција | |
| Број на туристи за кои се бара субвенција | |
| Број и датум на испратено барање за дополнување на документацијата | |
| Број и датум на примена достава по испратено барање за дополнување на документацијата | |
| Број и датум на записник од извршен увид во барањето за добивање на субвенции за престој на странски туристи во Република Северна Македонија | |
| Број и датум на донесено решение за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет | |
| Број на туристи за кои е одобрена субвенција | |
| Вкупен износ на одобрената субвенција | |
| Евиденција за жалби (број и датум на поднесена жалба, број и датум на достава на списи до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, број и датум на решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен) | |
| Евиденција за тужби (број и датум на поднесена тужба, број и датум на достава на списи до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, број и датум на пресуда од надлежен суд) | |